РИСТО КАРТАЛОВ

# НЕКОИ АСПЕКТИ ОД ЗДРУЖУВАЊЕТО НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Во ова време на економска криза, кога општеството во целина прави енергични напори да го стабилизира стопанскиот живот на земјата, многу очи, не без причина, се уперени кон земјоделството.

Кога се зборува за земјоделството, се мисли на индивидуалните земјоделски стопанства, затоа што токму кај нив постојат големи можности во смисла на активирање на производните капацитети, подигање на продуктивноста на трудот, приносите итн.

Здружениот труд во земјоделството во изминатиот период во многу подрачја забележа забележителни резултати, што незначи дека и тој нема свои сопствени неискористени можности на тој план. Но објективно, неговите можности се ограничени, меѓу другото и поради недостигот на обработливи површини. Како што е познато, општествениот сектор поседува само 16% од обработливите површини, а последните десетина години не се прават напори за зголемување на неговиот фонд на земја (годишно се откупува по околу 10 000 ха), а по сè изгледа дека општеството во блиска иднина нема да биде во состојба да направи радикален пресврт во сопственичките односи на аграрот.

Нема да откриеме никаква тајна, ако кажеме дека можноста за зголемување на вкупниот обем на производството и експозицијата на индустрискиот начин на производство во земјоделството, се наоѓат во здружувањето и другите облици на поопштествување во земјоделството. Кај индивидуалните стопанства се наоѓат големи земјоделски површини, кои поради структурните промени на индивидуалните стопанства (деаграризацијата, сенилизацијата итн.) се користат на неприфатливо ниско ниво, што преставува загуба и за селанецот и за општеството.

Пласманот на општествените средства и експанзијата на индустриското земјоделство кај индивидуалните стопанства, единствено е можен по пат на здружувања и други облици на поопштествување. Факт е дека друг пат за превладување на аграрната структура немаме, но исто така присутно е и сознанието дека постигнатите резултати на тој план се толку слаби што не нудат основа за некој поголем оптимизам.

---

Објавено во зборникот „Актуелна питања пољопривреде и села у социјалистичком развоју Југославије", Осијек, 27 и 28 јануари Југословенски центар за теорију и праксу самоуправљања „Едвард Кардељ" Љубљана.

## ЦЕЛИ И ОСНОВНА КАРАКТЕРИСТИКА НА ПООПШТЕСТВУВАЊЕТО

Индивидуалните стопанства и приватната сопственост на земјата преставуваат историски категории кои се јавиле на одреден степен од општествениот развој. Тие постоеја и опстојуваа и во епохата на капитализмот, но истовремено ја чинат и нашата општествена реалност денес. За ситниот селанец Енгелс вели: „Тој ситен селанец како и ситниот занаетчија е работник кој се разликува од модерниот пролетер по тоа што сè уште поседува средства за производство; значи остаток на еден начин на производство кој му припаѓа на минатото"[1]

Нивното надминување треба да се изврши со помош на натамошниот развој на производните сили на општеството воопшто и земјоделството посебно, и развојот на социјалистичките општествени односи. При тоа секогаш треба да се поаѓа од фактот, дека целта на социјалистичката преобразба на селото, не преставува укинување на приватната сопственост која се темели на трудот на производителите, туку во вклучувањето на приватниот труд како составен дел на општествениот труд и здружувањето на производителите во единствен систем на социјалистички здружениот труд.

Другарот Едвард Кардељ вели: „Првенствената цел на поопштествувањето во земјоделството кај нас е, општеството да му помогне на селанецот во мерка во која тој сам е спремен себе да си помогне. А тоа значи, по пат на создавање услови за модерна технолошка опрема на трудот, во стопанството да се овозможи историскиот неизбежен премин на индустриско производство во земјоделството, а од друга страна, на индивидуалниот земјоделски производител да му се овозможи, во социјалистичката кооперација со работниците во основните организации на здружен труд, да работат на што попродуктивен начин, со нив да го здружуват трудот и доходот, свој доход да стекнуваат од заеднички остварениот доход и така да се вклучат во единствениот процес на самоуправниот здружен труд."[2]

Југословенскиот концепт на здружување и поопштествување во земјоделството, се заснова на познатите задружни принципи: доброволност и полна материјална заинтересираност. Оваа определба може да се најде во бројните партиски и државни документи, а посебно во трудовите на другарот Едвард Кардељ:

„Од сите тие причини ние не сме за никакво компањско здружување и поопштествување на земјата, туку за такво поврзување на социјалистичкиот сектор со селанецот, врз база на обостраните материјални интереси кои им одговараат на постојниот обем на модерните средства за производство."[3]

Основното општествено определување треба да биде поопштествување на производството без притоа насилно да се уништи приватната селска сопственост и материјалната заинтересираност на самиот селанец. Само таа соработка и она здружување кое е ослободено од

---

[1] Фридрих Енгелс, Селското прашање во Франција и Германија, стр. 6, Култура, Скопје, 1952.

[2] Едвард Кардељ, Одбрани дела IV, стр. 469. „Мисла", Скопје.

[3] Едвард Кардељ, Проблеми социјалистичке политике на селу, стр. 22, Култура, Београд, 1959.

сите „виши“ цели, а преставува пред сè економски интерес и на селанецот и на здружениот труд, може да има шанси за успех.

Но притоа се поставува прашањето за обемот на општествените средства и способноста на оние организации на здружен труд кои воспоставуваат односи со индивидуалните производители. Прашањето на носителите на кооперацијата и здружувањето е првостепено прашање во тој процес. Значаен е секако нивниот број од аспектот на нивното делување на целото аграрно подрачје, но уште позначајна е нивната оспособеност во техничко-технолошки и општествен поглед, и можноста да ја спроведуваат индустријализацијата на земјоделството и трансформацијата на општествените односи. На тоа упатува еден разговор на другарот Едвард Кардељ со претставниците на ПИК „Београд“: „Некои мислат дека на селанецот ќе му помогнат така што целокупното земјоделство ќе го градат на него. Тоа е токму штета за селанецот. Селанецот може да оди напред само ако се врзе за општествена организација. Прашање е дали сме доволно јаки да го влечеме за себе. Селаните треба да се здружуват во задруги. Мислам дека направивме грешка во минатото што го напуштивме тој систем. Не е најважно дали се тоа задруги или организации на здружен труд за деловна соработка со селото. Најважно е оној со кој селанецот се здружува да има поголеми материјални средства од самиот селанец. Со средствата на самиот селанец нема никогаш да се направи модерно општествено претпријатие. За тоа се потребни општествени средства.“[4]

Со право го поставуваме и денес прашањето „дали сме способни со себе да го влечеме селанецот“, бидејќи голем дел на промашувањата во кооперацијата и здружувањето се врзани токму за прашањето на материјално-техничката и друга оспособеност на тие организации кои го спроведуваа поопштествувањето. Мал е бројот на овие организации и не одговара на општествените потреби, а технички и кадровски се недоволно опремени — како по правило со веќе амортизирани основни средства, што сето тоа во целина придонесуваше да не бидат на нивото на општествената задача. Посебно бројот на основните организации за кооперација и задругите беше редуциран во ридско-планинското подрачје, каде што и делувањето на крупните земјоделски организации и задруги од останатите подрачја беше во голема мерка отежнато.

Во тој склоп занимливо е и прашањето за степенот на поврзаноста на индивидуалното стопанство со општествениот сектор. За општеството не е сеедно дали селанецот соработува или се здружува во доменот на еден вид земјоделско производство (само сточарство, поледелство или одделни производи од тој вид производство), односно само еден дел на своите површини ги изложува на третманот на општествените средства, или тој тоа го прави со целокупното свое производство. Во изминатиот период голем дел на тешкотиите од оваа природа доаѓаа од организациите на здружен труд и задругите кои го спроведуваа поопштествувањето. Тие не беа подготвени „поцелосно“ да ја организират кооперацијата и здружувањето. Таа парцијална соработка многу често се користеше од страна на селаните како

[4] „Пољоиндустрија“ весник на ПК „Београд“ бр. 441 од 22.I 1977.

своевиден „пробен балон“ за тестирање на општествените организации, за нивните намери и нивните реални можности да го спроведуваат поопштествувањето. Познато е, имено, дека селаните по својата природа се скептични и емпирични, и дека не држат многу до некои наши определувања за задругарството од книгите и рефератите. Нивната скептичност е дел од нивната животна филозофија но и резултат на некои негативни искуства од минатото.

Не е потребно да с докажува дека општествената определба треба да биде кон „поцелосната“ кооперација и здружување во земјоделството. Во такви околности може да дојде до продор на индустрискиот начин на производство во земјоделството, односно до радикална промена во производната структура на индивидуалното стопанство, до губење на неговата самостојност во процесот на општествената репродукција како и продорот на социјалистичките самоуправни односи.

Учеството на одделни социјално-економски категории индивидуални стопанства во односите со основните организации за кооперација или задругите, како и нивното влијание врз работата и управувањето во нив е, исто така, прашање од првостепено значење.

Во општата прокламација дека кооперацијата и здружувањето во земјоделството е пред сè „економска“ соработка, извесен број на основни организации и задруги во својата соработка со селаните се определија за соработка со поимотниот. Така тие добија привилегиран статус и позначајна улога во работата и управувањето со задругата или основната организација за кооперација. За тој проблем другарот Едвард Кардељ вели: „Еден мал број селани на тој начин успеваат да постигнат извесни резултати во управувањето, додека често, најголем дел од селаните е препуштен на сопствената судбина. Секако тоа не може да биде наша социјалистичка политика на село, особено не може да биде перспектива на социјалистичката преобразба на селото.“[5]

Тоа значи дека кооперацијата и здружувањето имаат едно пошироко општествено значење во смисла на социјалистичката самоуправна трансформација на селото.

За нашето општество еисто така значајно прашањето за развиеноста на самоуправувањето на собирите и влијанието на сите здружени производители и постојано вработени во задругите и основните организации во процесот на одлучувањето. Праксата покажува дека кај голем број на овие организации, самоуправувањето не е развиено, поради што најголем број на одлуките кои се однесуваат и за здружените производители и коопeранти (одлуките за плановите за развој, структурата на производството, распределбата на доходот итн.), се донесуваат под влијание на постојано вработените во нив. Не е потребно многу да се докажува дека, во процесот на поопштествувањето, селанецот нема повеќе да се враќа во односите со здружениот труд на некои надживеани состојби. Тој за свој партнер ќе ја избира онаа организација која му овозможи рамноправен третман.

---

Едвард Кардељ, Одбрани дела IV, стр. 469, „Мисла“, Скопје.

Од теориско и практично гледиште за процесот на поопштествувањето, самите форми не се најважната работа.

„Со Уставот и Законот за здружениот труд отворени се широки можности за поврзување на личниот труд на земјоделците во системот на самоуправно здружениот труд. Станува збор како за нивното колективно здружување во земјоделски задруги и други форми на здружување, така за здружувањето на индивидуалните земјоделци во односи на трајна меѓусебна поврзаност или трајна деловна соработка со трудот на работниците и со општествените средства во организациите на здружен труд."[6]

Во практиката најзастапен облик на попштествување е кооперацијата. Со тој класичен облик на соработка на селанецот и задругата, се постигнати извесни резултати пред сè во подигањето на обемот на производството кај одделни видови производство, што, во крајна линија, овозможи подигање на доходноста на индивидуалните стопанства. Во тие односи земјоделските производители добиваа од организациите на здружен труд извесни производни услуги (современа обработка на земјата, сеидба, жетва), снабдување со репродукционен материјал (вештачко ѓубре, сортно семе итн.), како и многу често откуп на вишоците на земјоделските производи.

Производната кооперација како еден повисок облик на поопштествување не беше застапена во практиката иако од неа многу повеќе се очекуваше.

Кооперацијата, како облик на поопштествување, се одликуваше со тоа што, со нејзина помош, се настојуваше да се зголеми обемот на производството на одделни видови земјоделски производи но како времено и парцијално решение. Во тие околности производството на индивидуалните стопанства се одвиваше како уситнето и неспецијализирано производство со ниска продуктивност на трудот, како и индивидуално водење и одлучување за репродукцијата на селското стопанство. Овој облик на соработка не беше во состојба да ги надмине посочените ограничености на индивидуалниот посед, кои се пројавуваа како кочница на нивниот развој, односно концетрацијата на земјишните површини во поголеми блокови, планирањето и специјализацијата во производството. Индивидуалните земјоделци не беа во можност преку овој облик на соработка да пронајдат решение за своите економски и социјални проблеми а во прв ред решение на прашањето за пензиското и инвалидското осигурување на земјоделците.

Еден од позастапените облици на кооперација на подрачјето на СР Македонија е контрахирањето.[7] Во суштината овој облик на кооперација преставува договор за соработка помеѓу индивидуалниот

---

[6] Едвард Кардељ, Одбрани дела IV, стр. 469, „Мисла", Скопје.

[7] Кај контрахирањето индивидуалниот производител се обврзува дека ќе произведе одредено количество на земјоделски производи и дека по претходно договорени цени ќе го продаде производството на ОЗТ. Организацијата, притоа, презема обврска да го снабде производителот со: сортно семе, ѓубрива, средства за заштита и друга техничка помош, како и со паричен аванс.

производител и општествената организација за производство и реализација на одреден обем и вид земјоделски производи. Оваа соработка, пред сè, е застапена во производството на тутун, памук, шеќерна репка, сончоглед итн. Но се чини дека контрахирањето како облик на соработка најпотполно е воспоставено во производството на тутун. Речиси сто насто од производството на тутунот. Иако масовен овој облик на соработка во низа елементи остана како пример на неразвиен облик на кооперативна соработка. Иако се постигнати извесни резултати, ниту од далеку не се искористени сите можности во примената на механизацијата, подигањето на продуктивноста на трудот, потрошувачката на вештачките ѓубрива, просечните приноси итн. Уште понеповолна е состојбата во доменот на развојот и унапредувањето на општествените односи на релацијата основна организација — индивидуален производител. За низа прашања од витален интерес за индивидуалните производители (цените на производите, цената на услугите, расподелбата на доходот), тие немаат скоро никакво влијание. Организациите на здружен труд кои беа носители на оваа соработка, неа ја доживуваа како можност за обезбедување на суровини за индустриска преработка, не респектирајќи го притоа поширокото општествено значење на оваа соработка на планот на поопштествувањето. Поголемиот дел на овие организации беа од преработувачката индустрија (ОЗТ за откуп и преработка на тутунот, фармацевтската индустрија, индустријата за масло, кандиторската индустрија итн.), и тие главно остваруваа, а во голема мерка и денес остваруваат класична монополска положба, што им овозможуваше, настрана да ги држат од можноста во одлучувањето останатите учесници во репродукцијата — кооперантите. Извесен број ОЗТ од прометот и преработувачката индустрија сè уште шират стихија на пазарот на земјоделските производи. Тие обично си јавуваат и се интересираат за земјоделството само во времето на големите коњуктури т.е. недостиг на некој производ. Во тие околности кога обично се јавуват вон теренот на своето вообичаено делување, незнатно ги креваат цените на производите и со тоа ги „присилуваат" индивидуалните производители да истапуваат од договорените обврски со оние ОЗТ кои се јавуват како вистински организатори на земјоделското производство.

Еден друг облик на поопштествување се врши врз принципот на целосно здружување на трудот и средствата на индивидуалните производители во задруги или ООЗТ за кооперација. Здружениот земјоделски производител во тие организации во принцип остварува личен доход како надомест за вложениот труд и извесен додаток како рента за вложените средства. Еден посебен модалитет на такво здружување се врши со старите земјоделци кои ја здружуваат само земјата, за што како надомест добиваат извесни примања како доживотна рента, по што земјиштето поминува во општествена сопственост.[8] Во овие поразвиени облици на поопштествување, индивидуалните производители ги остваруваат сите права од работен однос — целос-

---

[8] Овој облик на здружување започна во ЗИК „Црвена Звезда" од Штип, во атарот на селото Три чешми.

на вклученост во системот на социјалистичкото самоуправување како и прашањата на пензиско и инвалидското осигурување.

Иако овој облик на здружување во Републиката релативно рано стартуваше (непосредно по донесувањето на Уставот и Законот за здружениот труд), и секако даде извесни почетни резултати, тој пошироко не се прошири и афирмира како поразвиен облик на поопштествување.

## РЕПРОДУКЦИЈАТА НА ИНДИВИДУАЛНОТО СТОПАНСТВО И ОДНОСОТ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ СТОПАНСТВА КОН ЗДРУЖУВАЊЕТО

Повоените промени во селото кои беа предизвикани од миграционите движења и деаграризацијата на работната сила од една, и продорот на стоковото производство во селското стопанство од друга страна, предизвика распаѓање на натуралниот начин на производство и традиционалното село. Развитокот на останатите дејности во селото и вон него, придонесоа селото да не постои повеќе како заедница на земјоделските производители, туку како заедница во која се развиваат и други дејности и институции несвојствени за традиционалното село. Тие промени кои, главно, дојдоа вон земјоделството предизвикаа и одредени социоекономски разлики меѓу индивидуалните стопанства. Бидејќи сите стопанства подеднакво не беа зафатени со миграционите движења и продорот на стоковото производство, тие не беа во иста мерка изложени на промени. Тоа посебно се однесува на прашањето за репродукцијата на стопанството.

Многу полесно остваруваа економска репродукција оние стопанства кои во тој процес се афирмираа како стоковни производители. Со други зборови тоа се оние стопанства кои во земјоделството ја гледат својата економска и социјална перспектива, па се во можност да купуват современи средства за производство, да производуваат на современ начин и главно, да произведуваат за пазарот.

Индивидуалните стопанства, меѓутоа, преставуваат хетерогени производни единици во земјоделството во однос на нивната репродукција. Еден дел од нив веќе е зафатен од процесите на специјализацијата и пазарната ориентација, додека другиот поголем дел, сè уште се наоѓа на почетокот на тој процес, со сè уште значително натурално производство.

На ова ниво на развиеност на земјоделството и воопшто на стопанството, индивидуалните стопанства кај нас сè уште се самостојни во изборот на производната ориентација и вршењето за репродукцијата на стопанството. Под влијанието на стоковото производство таа нивна самостојност постепено ќе се стеснува, бидејќи општествената поделба на трудот се повеќе ќе ги упатува една група стоковни производители на трудот на друга група и така ќе се поврзуваат во системот на вкупниот здружен труд. Тие ќе стануват постепено не само дел од вкупниот здружен труд во аграрот, туку и на оние кои посредно и непосредно се поврзани со аграрното производство: банките прометните организации, ОЗТ од преработувачката индустрија, ин-

дустријата на земјоделски машини и трактори, индустријата за вештачки ѓубриња, индустријата за сточна храна, хемиската индустрија итн.

Иако се тоа последици, пред сè, на општиот тренд на поопштествување на производството и општествената поделба на трудот, во контекстот на развојот на стоковото производство, засега погрешно би било и политички штетно да се негира самостојноста во репродукцијата на индивидуалните стопанства.

Во таа смисла, дали сè и во која мерка се во можност индивидуалните стопанства да вршат економска репродукција, разликуваме неколку категории стопанства со специфични производно-економски и социо-демографски карактеристики со диференциран однос кон земјоделското производство и поопштествувањето.

*Првата категорија* ја чинат *индивидуалните земјоделски стопанства.* На тие стопанства сета работна сила е ангажирана во земјоделството. Од земјоделското стопанство го остваруваат најголемиот дел на доходот, па од тој аспект нивниот интерес за развој и унапредување на земјоделското производство и неговата пазарна ориентација се сосема разбирливи. Во нашите услови, за да бидат стокови производители, земјоделските стопанства би требало да исполнат некои услови: Во прв ред нивните работноспособни членови би требало да имаат задоволително ниво на производно искуство, за да би можеле да се користат со современите средства и со се посложената агротехника. Потребно им е исто така извесно технолошко, економско и пошироко општествено образование, за да би биле во можност постојано да го прилагодуваат своето стопанство во технолошки, економски и општествен поглед. Би требало да имаат јасни сознанија за потребата од производните инвестиции, кои во современите услови се јавуваат како лимитирачки фактор за доходот. Би требало да имаат доволен фонд на земјишни површини кои би овозможиле ангажирање на тековниот и минатиот труд на стопанството, како и прилагодувањето на производните активности зависно од расположивите земјишни површини. Покрај тоа, тие би требало да бидат опремени со современи средства за производство, што ќе им овозможи да постигнат висока продуктивност на трудот и на таа основа да се афирмират како успешни стокови производители.

Се што е речено за оваа категорија стопанства укажува на тоа дека тие би требале да имаат јасна визија за потребата и неопходноста од кооперација со организациите на здружен труд, односно задругите.

Но хипотетичкото изнесување на потребните карактеристики на земјоделските стопанства, тоа не значи дека тие карактеристики во реалниот живот ги поседува оваа категорија стопанства. Поради некои од спомнатите карактеристики, оваа категорија се позначително се трансформира во категориите мешани и старечки стопанства кои имаат поинаков однос кон репродукцијата на стопанството и здружувањето.

*Мешаните стопанства се* оние кај кои еден дел на работно способните членови а често и старешината на стопанството се вработуваат во постојан работен однос и остваруваат доход од работа вон

стопанството. Другиот дел на членовите остануваат на село и работат на стопанството, а постојано вработените само повремено се ангажираат на стопанството. Тие стопанства остваруваат дуалитет или плуралитет во формирањето на доходот, што на домаќинството му овозможува повисок степен на економска и социјална сигурност, без притоа таа да прави напор кон стоковото производство. Од земјоделското производство оваа категорија стопанства, главно обезбедува нужен дел на натуралната потрошувачка, додека од преостанатиот дел на производство, парични средства како надополнување на семејниот буџет. Во своето економско однесување, овие стопанства првенствено се ориентирани кон доход кој потекнува вон стопанството, бидејќи тој по правило е и поголем и попостојан.

И покрај тоа што категоријата мешани стопанства е на некој начин преодна, нејзиниот број постојано се зголемува, а постојат индикации дека таа уште долго ќе се одржува во нашата аграрна структура. Во некои аграрно-производни реони, тие имаат забележителна улога во аграрното производство, а во една иницијална етапа од стопанскиот развој се јавуваат во улога на први иноватори и носители на техничкиот прогрес на село.

Мешаните стопанства во аграрната структура на Републиката имаат нешто помали земјишни површини од земјоделските, поголем број на членови на домаќинството, а во производната ориентација повеќе се свртени кон интензивните видови производство наменето, пред сè, за сопствените потреби. И покрај тоа што тие во производството не се раководени исклучиво од економскиот интерес, тие можат да остваруваат и проширена репродукција. Во односите со здружениот труд не покажуваат некој нагласен интерес, посебно не кај развиените форми на соработка. Тоа што здружувањето не се афирмира во оваа масовна категорија стопанства, причините лежат во сè уште стереотипното гледање за местото и улогата на мешаната економија во стопанскиот развој на земјата.

*Старечките стопанства* и стопанствата без работна сила, се една посебна занимлива категорија. Нивните членови односно, нивниот старешина е на старост од 60 односно 65 години. Тоа јасно укажува на реалните можности на стопанството да се ангажира во репродукцијата со оглед на неговите психофизички можности.

Старечките домакинства кои се јавија, пред сè, како последица на процесот на миграциите и деаграризацијата, со време потполно ќе се угаснат како производствени единици во земјоделството. Но би било занимливо, да се согледа нивниот интерес и можноста да ја задржат земјишната сопственост, да ја обработуваат земјата, да применуват современи средства за производство, како и да се утврди можноста и потребите од односите со ОЗТ во смисла на кооперација и здружување.

Оваа категорија стопанства има мали земјишни површини кои по правило сите не ги обработува. Поради недостигот на работна сила се јавува „социјалниот угар", поради што, често, се принудени да вршат преориентација на производството кон екстензивните гранки на производство (житариците, фуражните растенија итн.). Обично кога се во можност даваат земја во закуп, но ретко кога ја отуѓуваат.

Нивните потенцијални наследници вршат силен притисок на нив, за земјата да не би ја отуѓиле или подариле на општеството, дури и тогаш кога имаат силна потреба од тоа[9] Тие немаат некој посебен интерес за развој и унапредување на односите со ОЗТ, како што не учествуваат ниту во решавањето на комуналните и општествените прашања во средината во која живеат — селото. Кога соработуваат со ОЗТ, тогаш тоа е во насока на здружување на средствата — земјата, при што за отстапеното користење на земјиштето добиваат доживотна рента. Оттука и констатацијата дека старечките стопанства остваруваат проста па често и репродукција во опаѓање, а можат да бидат занимлива категорија за оние ОЗТ кои се заинтересирани да го наголемат својот т.е. општествениот фонд на земја.

## УШТЕ НЕКОИ АКТУЕЛНИ ПРАШАЊА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕТО

За здружувањето во земјоделството да оствари полна афирмација во праксата, е потребно многу труд и истрајност не само на оние кои се јавуват како непосредни субјекти на здружувањето туку и од останатите субјекти во општеството. Досега тоа уживаше полна поддршка во речиси сите партиски и државни документи. Постојат добри нормативни решенија во Уставот, во Законот за здружениот труд и во Законот за здружување на земјоделците. Но, сепак, се чини дека таа подршка е на едно многу воопштено и декларативно ниво, што овозможуваше во практиката да се појават големи слабости. Сите тие начелни општествени определби не се операционализирани во системот на аграрната политика, и низ конкретни развојни програми, во кои ќе бидат вклучени и останатите учесници во општествената репродукција (прометните организации, банките итн.).

Од друга страна и здружениот труд преку своето сестрано поврзување во репродукциони целини може во голема мерка да го подржи процесот на здружување. Имено ОЗТ и задругите кои, главно, спроведуваат кооперација и здружување со земјоделците, се релативно мали организациони единици, кои самостојно не можат да ги решат сите проблеми од областа на производството, прометот, складирањето и преработката на производите. Доколку тие делуват изолирано, вон големите производни системи, доколку не постои помеѓу нив поврзаност на едно повисоко ниво (заедно со банките, прометните организации, индустријата, туризмот итн.), и тоа здружување, во голема мерка, ќе остане „проста кооперација на трудот“. Тогаш тие, за селанецот, се мала гаранција дека во односите со ОЗТ или задругата тој ќе ја најде подобрена својата положба. Здружувањето има шанси на успех само ако сите учесници во синџирот на репродукцијата, од селанецот па се до последниот финализатор, бидат задоволни и имаат чувство дека никој во таа соработка не работи од денес до утре и дека никој не ги изиграл. Системот на социјалистичкото самоуправување начелно го обезбедува тој рамноправен третман, а за конкретната реализација во практиката е неопходно и повеќе волја и трпение на сите нивоа.

[9] Види: Старечките домаќинства во селата на Македонија, Републички завод за унапредување на социјалните дејности, Скопје, 1985.

*RISTO KARTALOV*

# SOME ASPECTS OF COOPERATION OF THE INDIVIDUAL FARMERS

SUMMARY

The article under this title, in four chapters, is dealing with one of the most complex questions of our social-economic developement, i.e. the socialist transformation of the agrarian structure.

The first chapter realizes the basic intentions and characteristics of the farmers'cooperation. It's emphasized that the basic intentions of cooperation is the process of industrialization of farming which helps the growth of labour productivity, and at the same time changes the social relationships.

The second chapter treats the forms of farm cooperation. The author, first of all, keeps his attention to the given normative level, even then, in the example of SR Macedonia analysing a certain forms of cooperation, that is, their positive and negative experiences.

The third chapter treats the relation of certain categories of agriculture on the problem of economic reproduction and their relation toward cooperation.

In the fourth, last chapter, the author points out to some actual questions of cooperation, such as: unsuitable intentions of the agrarian policy, division of the individual agricultures, disorganisation of associated labour, etc.